**ПРОГРАМА**
**за работа на Здружението на пензионери Карпош-Скопје за 2025 година**

Собранието на Здружението на пензионери Карпош Скопје и неговиот Извршен одбор во 2025 година својата активност ќе ја насочат кон остварување на целите и задачите на Здружението утврдени во Статутот на Здружението, Деловникот за работа на Собранието и Извршниот одбор, како и активности кои ја унапредуваат социјално-хоманитарната страна во заштитата на пензионерската популација и обврските што произлегуваат од позитивните прописи од областа на социјалната заштита и пензиското и инвалидското осигурување.

**АКТИВНОСТИ НА СОБРАНИЕТО И ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**А. ИНИЦИЈАТИВИ**

Покренување на иницијатива до:

1. Министерството за правда за донесување посебен Закон за уредување на начинот и постапката за организирање на пензионерите во Република Македонија;

2. Министерството за труд и социјална политика и локалната самоуправа за:
   -изградба на пензионерски домови,
   -изградба на клубови за пензионери,
   -изградба на домови за дневен престој на пензионери.

3. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за вонредно усогласување на пензиите.

4. Хуманитарни активности

   - Давање на повеќе корисници на еднократна парична помош и друг вид солидарна помош.

   - Посета на поголем број на пензионери со повеќе планирани финансиски средства во Финансискиот план за 2015 година.

   - Поголемо учество на Комисијата за здравство и социјална помош на Извршниот одбор како и активно вклучување на Активот на пензионерки на ЗП Карпош.

   - Изготвување Оперативен план за реализација на горе наведените активности.

**Б. АКТИВНОСТИ НА СОБРАНИЕТО**
Во тековната 2025 година Собранието на Здружението се предвидува да одржи две седници, а по потреба може и повеќе седници и тоа:

1. **Првата седница ќе се одржи во месец февруари** или март на која ќе се разгледуваат:
   -Извештајот за работа на Извршниот одбор во 2024 година;
   -Завршната сметка на приходите и расходите на Здружението за 2024 година;
   -Информација за условите во кои работат ограноците на пензионерите од Здружението на пензионери Карпош,
   -Разгледување и давање мислења по актите, иницијативите и предлозите добиени од ресорните министерства, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Советот

односно Градоначалникот на општина Карпош (оваа задача ќе биде применета во текот на целата година).

2. **Втората седница ќе се одржи во месец декември** на која ќе се разгледуваат:
-Предлог-Програмата за работа на Здружението за 2026 година (Собранието, Извршниот одбор и неговите комисии),
-Предлог-Финансиски план за приходите и расходи на Здружението за 2026 година,
-Други материјали по потреба.

**В. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ**

Во овој дел на **Програмата за работа во 2025 година,** се предвидуваат активности кои произлегуваат од редовното тековно работење на Здружението и тоа:

1. **Посебна грижа за остварување на приходите на Здружението** и правилно располагање со нив преку наменското користење на истите и благовремено исполнување на обврските према заедницата, корисниците на пензија и другите субјекти во согласност со позитивните прописи, Статутот и другите акти на Здружението.

2. **Поблиска соработка со Советот и Градоначалникот на општина Карпош,** заради остварување на заеднички интереси. Тука првенствено се мисли на создавање услови за работа на ограноците и давање на локација за изградба на пензионерски дом во Општина Карпош.

3. **Координирање на активностите на ограноците** и нивно меѓусебно поврзување заради подобро функционирање и остварување на активностите. Тука пред се сè мисли на соодветната соработка со други здруженија и невладини организации, како и формирање на мобилни групи при ограноците за помош на пензионерите согласно предвидените трансакциски сметки.

4. **Редовно следење** на исплатата на пензиите и нивно благовремено усогласување.

5. **Преземање на сите расположливи средства** до СЗПМ за навремено и без закинување на бројот на корисници на пензија, да ни ја доставува месечната членарина.

6. **Ќе продолжат активностите во ограноците** на Здружението околу **формирање на матичната евиденција** на пензионерите што ќе претставува основа за изготвување на социјалната карта на пензионерите од општина Карпош.

7. **Организирање на одмор во објектите** на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во Рекреативниот центар на пензионерите во Катланово, бројот на членови што ќе користат ваков вид на одмор го утврдува со посебен акт (одлука) по ограноци, на Здружението на пензионери.

8. **Заради рекреација на пензионерите ќе се организираат еднодневни излети низ Републиката** во зависност од расположливите средства и интерес на пензионерите;

9. **Одржување на меѓусебни средби со други Здруженија**;

10. **Организирање и спроведување на спортски активности.** Спортските активности содржат повеќе дисциплини и ќе се спроведуваат врз основа на Одлуката на Извршниот одбор и Програма на Комисијата за спорт, и тоа:
    а)натпревари помеѓу ограноците на Здружението;
    б)натпреварување на ниво на регион;
    в)натпреварување на републичко ниво.

11. **Социјалната политика и здравствената заштита** на пензионерите ќе се остварува преку:
    а)посети на болни, тешки семејни несреќи од различен вид, посета на стари лица;
    б)давање на еднократна помош, согласно критериумите утврдени со посебна одлука на Извршниот одбор;
    в)соработка со здравствени и хуманитарни организации,
    г)организирање на трибини од областа на здравствената заштита.

12. **Организирање на трибини** за определени прашања по потреба и во зависност од интересот на пензионерите.

13. **Учество во одбележување на значајни датуми** и настани од нашето минато.

14. **Други тековни и актуелни прашања по потреба.**

Активностите од оваа Програма ќе ги реализира Извршниот одбор на Здружението и неговите тела. Потребните средства за остварување на оваа Програма ќе се предвидат и обезбедат со финансискиот план на приходите и расходите на Здружението за 2025 година.

**Програмата** е отворена и ќе бидат извршени сите активности кои ќе произлезат од тековното работење, актуелни прашања и други активности од интерес на Здружението.

**Програмата** влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2025 година.

17.12.2024 год.<br>Скопје

ЗП Карпош<br>Претседател **Јован Гиновски**